58 291

 2237.

ВО СИЛНА КОНКУРЕНЦИЈА НА МУЗЕИ ОД СВЕТОТ

# МСУ доби грант од Американската асоцијација на музеи

Музејот на современата уметност од Скопје е избран, во силна конкуренција на музеи од светот, од Американската асоцијација на Музеи (ААМ) да учествува во рамките на програмата за Меѓународна соработка меѓу музеи (ИПАМ) 2005-2007. Во рамките на оваа програма за 2005-2007 година избрани се вкупно седумнаесет музеи од светот, од различен профил, како партнери на музеи од САД. Согласно критериумите и правилата на програмата на ИПАМ за соработка на музеи од Соединетите Американски Држави со музеи од останатите делови на светот, Музејот на современата уметност воспостави контакт со Веил Галеријата на Тексас, Универзитетот-Корпус Кристи, Тексас. Од контактите меѓу двете институции произлезе идејата за заедничка изложба насловена како: „Креативноста и катастрофата - уметноста во времето на неизвесност". Изложбата би вклучила дела на млади автори од Македонија и Тексас создадени во периодот 2001-2006. Со оглед на фактот дека со почетокот на 21 век зачестија „сликите" на насилство и уништување кои во себе заедно ги опфаќаат манифестациите и на човекот и на природата, идејата на изложбата е да се согледа позицијата на ликовниот уметник во однос на овие заканувачки и застрашувачки „слики". Повлекувајќи паралели меѓу современата уметност во Тексас и Македонија, изложбата сака да ја нагласи универзалноста на проблемите со коишто уметноста денеска се соочува. Изложбата ќе биде прикажана во септември идната година, во Музејот на современата уметност во Скопје и во ноември во Галеријата Ваил во Корпус Кристи, Тексас. Носители на проектот се Лилјана Неделковска, кустос советник од Музејот на современата уметност, Скопје и професорката Др. Кери Рот од Галеријата Ваил при Универзитетот во Корпус Кристи, Тексас. Изложбата треба да биде резултат на истражувањата и контактите на Неделковска (таа ќе престојува во Корпус Кристи во текот на октомври 2006.) и Рот со млади уметници од Македонија и Тексас. Др. Кери Рот веќе се наоѓа во Македонија и таа заедно со Лилјана Неделковска и Мира Гаќина, соработник на проектот, работи на селекцијата на македонските уметници. Досега се реализирани контакти и разговори со повеќе уметници, со Атанас Ботев, Александра Петрушевска, Маријан Денков, Матеј Богдановски, Ѓорѓе Јовановиќ, Тихомир Топузовски, Ведрана Стојковска, а до крајот на нејзиниот престој во Македонија се планираат средби и со уметниците Верица Ковачевска, Никола Узуновски, Методи Ангелов, Миле Ничевски, Небие Бериша и др. Во рамките на оваа програма на соработка меѓу двете институции, иницирана е и можната соработка меѓу Факултетот за ликовни уметности, Скопје и Универзитетот во Корпус Кристи, при што професорката Кери Рот оствари средба со деканот на Факултетот, Веле Ташовски и професорите Ибрахим Беди, Симон Шемов и Рубенс Корубин.

*Од контактот на Музејот на современата уметност и Универзитетот-Корпус Кристи произлегува заедничката изложба насловена како: „Креативноста и катастрофата -уметноста во времето на неизвесност" која ќе биде прикажана во септември идната година во Музејот на современата уметност во Скопје и во ноември во Галеријата Ваил во Корпус Кристи, Тексас. Изложбата би вклучила дела на млади автори од Македонија и Тексас создадени во периодот 2001-2006 година*



Емил АЛЕКСИЕВ, директор ма Музејот на современата уметност

Инаку Музејот на современата уметност по вторпат го добива овој грант од Американската асоцијација на музеи. Прврат го доби за програмата ИПАМ 1999-2001. Музејот на современата уметност во тој период оствари соработка со Фејтвил музејот од Северна Каролина. Марика Бочварова Плавевска од Музејот на современата уметност и Мерион Џонстон Вили од Музејот во Фејтвил го реализираа едукативниот проект наречен „Уметноста во куфер".

Според директорот на Музејот на современата уметност, Емил Алексиев „Музејот на современата уметност програмата на ИПАМ ја гледа како можност за вистински културен дијалог. Веруваме дека оваа размена на музеите ќе овозможи да се воспостават и понатаму да се развиваат и да се негуваат позитивни и продуктивни културни врски помеѓу двете земји, меѓу Македонија и Тексас".

За програмата на ИПАМ претседател на ААМ, господинот Едвард Ејбл ќе каже: „Веќе 25 години ИПАМ обезбедува можности за музеите да воспостават соработка што ќе трае во континуитет со институции од светот, помагајќи го притоа подлабокото разбирање на традициите на другите земји и респектот кон културните разлики". Понатаму тој истакнува: „Учеството во ИПАМ ја означува подготвеноста на Американските музеи за соработка со меѓународната музејска заедница, значајно збогатувајќи ги музеите што партиципираат и нивната заедница на којашто и служат".